До
Владата на Република Македонија

Предмет: Изјава по повод јавниот повик за избор на членови на Советот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор

Почитувани,

со оваа изјава, ние, долупотпишаните 89 граѓански организации, бараме од Владата на Република Македонија:

- Да го запре процесот за избор на претставници од граѓанското општество во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор (Советот);
- Да направи измени и дополнувања на донесената Одлука за формирање на Советот и;
- Да отвори консултативен процес со претставниците на граѓанските организации, во кој различните мислења и ставови за Советот ќе бидат земени предвид и усогласени согласно споредбените искуства и практики.

Имено, на 17 мај 2016 година, Владата на Република Македонија ја усвои Одлуката за формирање на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор.[1] Веднаш по донесувањето на Одлуката, повеќе граѓански организации преку дописи (без можност за суштински консултации) укажаа на слабостите на усвоениот документ.[2] Но, сепак на 23 мај 2016 година, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија го објави *Јавниот повик за избор на 13 членови на Советот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите*. Со оваа постапка, Владата не ги зеде предвид препораките и укажувањата на организациите од граѓанското општество во врска со воспоставувањето на Советот и со тоа дополнително ја поткопа веќе кревката доверба меѓу државните институции и граѓанскиот сектор.

Со оваа наша заедничка изјава, повторно сакаме да ги афирмираме заложбите на граѓанските организации во контекст на донесената одлука, но и да ја информираме Владата дека ние, долупотпишаните организации, **нема да учествуваме во процесот на избор на членови на Советот од редот на граѓанските организации**. Својата заедничка определба ја темелиме на следните причини:

Прво, сметаме дека **процесот на подготовка и усвојување на Одлуката не беше пропратен со соодветни и ефективни консултации со чинителите од граѓанското општество**. Организациите имаа можност да се запознаат со новата содржина на Одлуката на два работни дена пред нејзино усвојување. Дадените мислења на информативната средба не беа земени предвид и исто така немаше можност за дополнителни писмени предлози;

Второ, **во Советот е предвидена поголема бројност (мнозинска застапеност) на државни институции, наспроти претставници на граѓанските организации** што е спротивно на добрите

[1] Службен весник на РМ бр. 98/2016
[2] Еден допис беше подготвен од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и од Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и објавен на 20 мај 2016 година. Друг допис беше поднесен до Владата од страна на ИПА2 механизмот за граѓански организации, кој брои 211 здруженија и фондации, на 26 мај 2016 година.

меѓународни практики. Така, во советодавните тела во регионот мнозинството членови се претставници на граѓанскиот сектор (Хрватска и Косово), или бројноста е еднаква (Црна Гора);

Трето, **предложеното ниво на државни службеници не е во согласност со добрите меѓународни практики каде членовите во ваквите тела имаат раководни позиции** и одлучувачки надлежности кои ќе обезбедат спроведување на предлозите на Советот во насока на унапредување на политиките за развој на граѓанското општество. Следствено, имајќи го предвид досегашното искуство, сметаме дека постои можноста ваквото тело да биде неефективно, во однос на целите за кои е воспоставено;

Четврто, сметаме дека предвидената постапка и **начинот на спроведување на изборот на членовите на Советот** од редот на граѓанските организации, а земајќи ги предвид кусите временски рокови и непрецизираните технички детали без обезбеден механизам за надгледување на процесот од страна на самите граѓански организации, го доведуваат во прашање фер изборот на членовите на Советот. Затоа, се залагаме за преосмислување на начинот на избор со учество на претставници на граѓанските организации во спроведувањето и следењето на изборот, или воспоставување модел (пр. Хрватска) кој ќе овозможи јасни правила за пријавување за гласање, а со тоа и контролиран процес на сигурност на дадениот глас;

Петто, покрај заложбите на граѓанските организации и укажувања во изминатите неколку години за важноста од воспоставување тело за меѓусебен дијалог каде што ќе се дискутира за клучните потреби, приоритети и предизвици на граѓанскиот сектор, сметаме дека тековното **целокупно општествено-политичко опкружување е изразено неповолно за формирање тело со ваков карактер и значење** и предлагаме негово воспоставување во политички стабилна ситуација.

Во таа насока, ја потсетуваме Владата дека тело како Советот за соработка меѓу Владата и граѓанскиот сектор треба да биде формирано врз база на заемна доверба и партнерство меѓу двата сектора. Длабоко сме убедени дека пристапот на еднострано формирање на телото нема да ги даде посакуваните резултати и е спротивно од целта на неговото формирање.

Се надеваме дека Владата на Република Македонија сериозно ќе ги земе предвид нашите укажувања. Во спротивно, остануваме на одлуката дека нема да учествуваме во процесот за избор на претставници од граѓанското општество.

Срдечно,

Листа на организации потписнички на изјавата (по азбучен редослед):

1. Асоцијација за демократски иницијативи
2. Асоцијација за неформална едукација на Роми - Ромска Солза Прилеп
3. Асоцијација за развојни иницијативи – Зенит Скопје
4. Асоцијација Иницијатива за социјална промена, ИнСоК - Скопје
5. Граѓанска иницијатива ГО САКАМ ГТЦ
6. Граѓанската иницијатива „АРСЕНА“ од Гевгелија
7. Едукативна унија на рециклатори ЗЕУР - Скопје
8. Еко свест
9. ЕХО Едукативно-хуманитарна организација
10. ЗГ “4х4х4 Балкански Мостови“ Скопје
11. ЗГ за промоција на женската активност Тиииит! Инк-Скопје

12. Здружение на граѓани „ПАТОКАЗИ“ од Гевгелија
13. Здружение "Хендикеп Плус"
14. Здружение ЕСЕ
15. Здружение за ДЕМОКРАТИЈА, ДЕБАТА, ДИЈАЛОГ, ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА - ПЛАН 4Д, Скопје
16. Здружение за дислексија АЈНШТАЈН, Скопје
17. Здружение за заштита на културниот идентитет на Египќаните ИЗИДА 41/21 Ресен
18. Здружение за локален развој Акција Плус Ресен
19. Здружение за права на Ромите - Штип
20. Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА
21. Здружение за унапредување на родовата еднаквост-Акција Здруженска Скопје
22. Здружение на балканските Египќани во Македонија
23. Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп, ретки болести и посебни потреби ,,Дајте ни крилја,, Скопје
24. Здружение на граѓани Младите можат
25. Здружение на граѓани Реактор - Истражување во акција
26. Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби -Скопје
27. Здружение на граѓани Центар за развој и унапредување на јавниот живот Тетово
28. Здружение на лица со посебни потреби "Милосрдно срце"-Пробиштип
29. Здружение на млади аналитичари и истражувачи - ЗМАИ Скопје
30. Здружение Регионален центар за одржлив развој Кратово
31. Здружение Ромски Деловен Информативен Центар во Македонија
32. Здружение Центар за стратегии и развој ПАКТИС Прилеп
33. Здружението за асистивна технологија Отворете ги прозорците
34. Здружението Млади Европски Федералисти - Македонија (ЈЕФ Македонија)
35. ЗИП Институт
36. Избор-Струмица
37. Иницијативен глас, Прилеп
38. Институт за демократија „Социетас Цивилис Скопје“
39. Институт за европска политика
40. Институт за истражување и општествени иновации - Импакт
41. Институт за човекови права
42. Интернет Хотлајн Провајдер Македонија
43. Коалицијата “Сите за правично судење”
44. Конект
45. ЛГБТИ Центар за поддршка
46. Македонски институт за медиуми
47. Македонски центар за европско образование
48. Македонски центар за меѓународна соработка
49. Младинска алијанса Тетово
50. Младински културен центар – Битола
51. Младински образовен форум
52. МОСТ
53. Национален младински совет на Македонија
54. Национален совет за родова рамноправност
55. НВО Инфоцентар
56. НВО Профицио-мултиетничка толеранција преку економски просперитет
57. Организација на жени од Струмица
58. Организација на ромската младина Бела Кула - Кичево

59. Плоштад Слобода
60. Полио Плус – движење против хендикеп
61. Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ
62. Регионален центар за демократија - Медијатор, Кавадарци
63. РОЖМ “ДАЈА” Куманово
64. Ромски едукативен Центар (РЕЦ) Амбрела – Скопје
65. Рурална Коалиција Куманово
66. Синдикат на македонската дипломатска служба
67. Транспаренси Интернешнл Македонија
68. Транспарентност Македонија
69. Фондација отворено општество - Македонија
70. Фондацијата за локален развој и демократија „Фокус“ од Велес
71. Фондацијата за развој на локалната заедница Штип
72. Форум – Центар за стратегиски истражувања и документација
73. Форум за истражување на безбедносни политики “Секуритас”, Битола
74. ФРУ - Факултет за работи што не се учат / АКТО
75. ХДЗР Месечина
76. Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
77. Хелтгрупер
78. ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
79. ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
80. Центар за граѓански комуникации
81. Центар за демократски развој и интеграција Тетово
82. Центар за економски анализи
83. Центар за одржлив развој на заедницата - Дебар
84. Центар за развој на заедницата ДРОМ - Куманово
85. Центар за развој на медиуми
86. Центар за управување со промени
87. Центарот за Современи уметности, Скопје
88. ЦИВИС-Куманово
89. Tribunus Civilis-Симболички суд на правдата на цивилното општество